РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1696/3
16-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 55-тата седница одржана на 16.11.2021 година ја донесе следната

*ОДЛУКА*

Пријавата заведена под број 12-1696/1 од 20.03.2020 година, против ///, судија во Основен суд ///, и против ///, претседател на основниот суд ///, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во предметната пријава не се изнесени наводи кои упатуваат на елементи за кои Комисијата има надлежност да постапува согласно одредбите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1696/1 од 20.03.2020 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Од страна на познат подносител, на ден 20.03.2020 година поднесена е пријава против лицата ///, судија во Основен суд ///, и против ///, претседател на Основниот суд ///, и оформен е предмет број 12-1696/1 од 20.03.2020 година.

Во пријавата подносителот наведува дека од страна на ///, судија во Основен суд ///, и од страна на ///, претседател на Основниот суд ///, била сторена повреда на неговите права, во постапка во која според наводите од пријавата подносителот бил ставен во нерамноправна положба во однос на другата странка – учесник во постапката, како последица на нарушени односи со судијата /// кому му бил доделен предметот. Според изнесените наводи, подносителот побарал изземање на судијата по што од страна на претседателот на судот било донесено решение со кое барањето било одбиено како неосновано.

Подносителот на пријавата бара од Државната комисија за спречување на корупцијата да поведе постапка за заштита на неговите права и за тоа да го извести.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека пријавените наводи не се корупција согласно дефиницијата утврдена во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: м-р В.Г., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**